*Macedonian*

## Информации за јавноста

## Регистер на Националната програма на вакцинација против HPV

### Што е Национална програма на вакцинација против HPV?

Националната програма на вакцинација против човечкиот папилома вирус (Human Papillomavirus - HPV) почна во јули 2007. Програмата ја финансира Австралиската влада. Програмата обезбедува бесплатна вакцинација против HPV на женски лица кои имат право на неа, заради заштита од причината за повеќето видови рак на грлото на матката. Вакцината се дава бесплатно на:

- девојчиња на 12 и 13 години преку училишта, на постојана основа
- девојчиња на 13 до 18 години во училишта (до 30 јуни 2009)
- на жени од 18 до 26 години (до 30 јуни 2009).

Вакцинацијата се врши со три инјекции кои обично се даваат во период од 6 месеци.

### Што е HPV Регистер?

Националниот регистер на програмата на вакцинација против HPV (HPV Регистер) е доверлива база на податоци во која се собираат податоци за вакцинациите против HPV извршени во Австралија.

### Зошто јас (или мојата ќерка) треба да бидам во HPV Регистерот?

Има три главни користи од тоа да се биде во HPV Регистерот.

***i) Потврда за завршување***

Кога HPV Регистерот ќе биде известен дека вие (или вашата ќерка) сте ги примиле сите три инјекции, ќе ви биде пратена потврда за завршување, за ваша евиденција.

***ii) Потсетувања***

HPV Регистерот ќе ви прати известување ако вие или вашата ќерка сте пропуштиле да примите доза во рамките на програмата на вакцинација што се врши во училиште.

***iii) Идни нови податоци за ревакцинација***

Сегашните истражувања покажуваат дека не е веројатно дека ќе требаат дополнителни дози на вакцината против HPV. Меѓутоа, ако идни посматрања на ефикасноста на вакцината против HPV покажат дека е потребна дополнителна доза, Регистерот ќе ги користи собраните информации за да се обиде да стапи во контакт со вас за да добиете соодветни совети.

### Кои се другите користи од HPV Регистерот?

Покрај користа за вас (или вашата ќерка), учеството во HPV Регистерот ќе и помогне на Владата да надгледува како функционира програмата на вакцинација против HPV и да ги мери ефектите од програмата за ракот на грлото на матката.

*Macedonian*

**Кои информации ќе бидат внесени во HPV Регистерот?**
Информациите собрани и складирани во HPV Регистерот за вас (или вашата ќерка) ќе опфаќаат:

- име и презиме, датум на раѓање, адреса, домороден статус и број на Medicare на вакцинираното лице
- име, презиме и адреса на родителот или старателот (ако е потребно)
- податоци за секоја доза на извршената вакцинација
- име, презиме и адреса на ординацијата на докторот или медицинската сестра што ја извршиле вакцинацијата.

**Како ќе се собираат информации во HPV Регистерот?**
Како дел од програмата на вакцинација, владите на државите и териториите ќе ги предаваат на HPV Регистерот информациите за вакцинација против HPV извршена во училишта. Здравствените професионални лица кои ја вршат вакцинацијата ќе ги предаваат на HPV Регистерот информациите за вакцинација извршена во заедницата.

**Дали моите податоци за вакцинација (или на мојата ќерка) мора да одат во HPV Регистерот?**
Информации ќе му бидат предадени на Регистерот само со согласност на вакцинираното лице или на неговиот старател. Ако не сакате тие податоци да му бидат пратени на Регистерот, вие тоа треба да го наведете во време на вакцинацијата. Вие може да ги повлечете вашите информации од Регистерот во секое време, ако писмено се обратите до Регистерот.

**Кој ќе има пристап до информациите за мене?**
Информациите складирани во HPV Регистерот ќе се чуваат во доверба, а приватноста на секое лице е заштитена со закон. Установите и лицата што вршат вакцинација може да бидат овластени да имаат пристап до податоците на некое лице, ако е тоа потребно заради здравствена нега.

Информации со кои не се открива идентитетот (што значи информации со кои не се открива вашиот или идентитетот на вашата ќерка) може да им бидат дадени на федералната и на владите на државите и териториите, како и на истражувачи, заради креирање принципи и за истражувачки цели, со соодветно одобрение. Од информациите што ќе ги даде Регистерот за тие цели никој не ќе може да идентификува поединци.

Во иднина, личните и информациите за вакцинација што ќе се држат во Регистерот на Националната програма за вакцинација против HPV ќе бидат комбинирани со информации од регистрите за Пап тест и за рак на грлото на матката, кои сега ги одржуваат владите на државите и териториите. Тоа ќе и овозможи на Владата да ја следи ефикасноста на вакцината во спречувањето на ракот на грлото на матката.

**Како може да стапам во контакт со HPV Регистерот?**
Вие може да му телефонирате на HPV Register Contact Centre на 1800 478 734 (од понеделник до петок меѓу 8 наутро и 6 навечер, и во сабота од 9 наутро до 2 попладне, ширум Австралија). Ве молиме кажете и на телефонистката ако ви треба преведувачка помош.

**Натамошни информации и линкови**

- National HPV Vaccination Program
  http://www.health.gov.au/internet/standby/publishing.nsf/Content/general-practitioners
- Immunise Australia Program
  http://www.immunise.health.gov.au/
- National Cervical Screening Program
  http://www.cancerscreening.gov.au/internet/screening/publishing.nsf/Content/cervical-1lp